


# Жени на возраст од 50-74

**години се покануваат на бесплатно снимање на градите**

Телефонирајте на

## 13 20 50

Ако ви треба помош на вашиот јазик, ве молиме телефонирајте на Службата за преведување и толкување (Translating and Interpreting Service – TIS) на 131 450

australia.gov.au/breastscreen



# Вие сте поканети

# Жени на возраст од 50-74

**години се покануваат на бесплатно снимање на градите**

Australian Government

DOH0014/UC. April 2015 - Macedonian

BreastScreen
AUSTRALIA
A joint Australian, State and Territory Government Program



# СНИМАЊЕТО НА ГРАДИ

## Тоа е покана што може да ви го спаси животот

Опасноста да добиете рак на градите се зголемува со возраста. И случаите на рак на гради се зголемуваат исто така. Затоа бесплатното снимање на гради сега се проширува и ги опфаќа жените на возраст до 74 години.

**Тоа најверојатно ќе овозможи да се откријат дополнителни 600 случаи на рак на гради секоја година.**

Тоа ќе испорача дополнителни **220.000** снимања на гради на австралиските жени во период од 4 години.

Повеќе од **75%** на рак на градите се случува кај жени над 50 години и **90%** од жените кои добиваат рак на градите немаат семејна историја. Затоа, многу е важно да закажете снимање на градите.

## РАСПРОСТРАНЕТОСТ

Ракот на гради е најчест рак и е втор причинител на смртноста на жените во Австралија. Охрабрувачки е фактот што, откако е воведена BreastScreen Australia Program (програмата за снимање на градите во Австралија), бројот на рак на градите е намален за една третина.

## БЕЗ СИМПТОМ – НЕ ЗНАЧИ И БЕЗ РАК

Дури и ако немате симптоми на рак на гради, редовното снимање на градите е сеуште од животно значење. Снимањето може да го открие ракот на градите **многу порано** пред да се појави било каков симптом, како на пример грутка (lump).

## РАНОТО ОТКРИВАЊЕ Е НАЈДОБРАТА ЗАШТИТА

Раното откривање на ракот на градите е најдобриот начин да го победите. Тоа значи помалку инвазивно, многу поефикасно лечење. **Девет од 10 жени** преживуваат благодарение на раното откривање, следење и лекување.

## СНИМАЊЕТО НА ГРАДИТЕ Е БЕСПЛАТНО

Ако сте на возраст меѓу 50-74 години би треблао да ги снимате градите на секои две години, а снимањето е **апсолутно бесплатно.**

## НЕ Е ПОТРЕБНА ПРЕПОРАКА ОД ОПШТ ЛЕКАР

**Нема потреба** да го консултирате вашиот семеен доктор или специјалист пред да одите на снимање на градите. Кога ќе ја добиете поканата за снимање на градите, можете да телефонирате директно на BreastScreen Australia за да закажете снимање на **Клиниката за снимање или мобилниот оддел** што е најблиску до вашето место на живеење.

## ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Ако сте на возраст над 75 години, поразговарајте со вашиот семеен доктор или здравствен работник за да дознаете дали снимањето на градите е добро за вас. Можете да научите повеќе за ракот на градите, снимањето на градите и што можете да очекувате на снимањето, на интернет страницата **australia.gov.au/breastscreen или телефонирајте на 13 20 50**